ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ТЕНИСКИ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ
# ЗА МАСТЕРС СЕРИЈА НА ТУРНИРИ
# ЗА МАЖИ И ЖЕНИ
# ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД-19

**Скопје, 2020 година**

# СОДРЖИНА

1. ОПШТИ УСЛОВИ
2. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ УСЛОВИ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ НАТПРЕВАРИ
3. ПРАВО НА НАСТАПУВАЊЕ
4. БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ
5. ТРАЕЊЕ НА ТУРНИРИТЕ
6. БРОЈ НА НАТПРЕВАРИ ВО ЕДЕН ДЕН
7. ВЛЕЧЕЊЕ НА ЖРЕПКА
8. ПРАВИЛА ЗА ЗАШТИТА НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ
9. ДРУГИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ
10. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## 1. ОПШТИ УСЛОВИ

1.1 Овие Правила и Прописи ги содражат основите за составување пропозиции за Мастерс серија на турнири за Мажи и Жени, ги дава условите што треба да ги исполнуваат организаторите на тениските натпревари, правата и должностите на делегатот/врховниот судија, водството на натпреварот, тениските судии и играчи, како и казнените правила, односно доследностите на кои потпаѓаат сите наведени учесниците на натпреварите.

## 2. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ УСЛОВИ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ НАТПРЕВАРИ ЗА МАСТЕРС СЕРИЈА НА ТУРНИРИ ЗА МАЖИ И ЖЕНИ

2.1. Сите натпревари од **Мастерс серијата во конкуренција Мажи/Жени** се играат во два добиени стандардни сета со примена на правилото "тие бреак" во секој сет, освен квалификациите и играњето во групи или секој со секого каде наместо трет сет ќе се применува правилото "меч тие бреак",

2.2. Сите натпревари се играат со 4 нови топки, кои ги обезбедува ТФСМ (секој натпреварувач користи само 2 свои топки, кои ги користи за време на сопствен сервис).
2.3. На сите турнири од **Мастерс серијата во конкуренција Мажи/Жени** од 1/2 финале натпреварите може да ги судат тениски судии на стол, што е должен да ги обезбеди Натпреварувачко-Судискиот комитет на ТФСМ.

## 3. ПРАВО НА НАСТАПУВАЊЕ

3.1 На сите натпревари право на настап имаат сите играчи државјани на Република Северна Македонија, кои се уредно регистрирани врз основа на одредбите од Правилникот за регистрација на ТФСМ, со извршен лекарски преглед за тековната година и не се казнети или суспендирани.
3.2 Право на настап на турнирите имаат:
- Во конкуренција на Мажи и Жени право на настап имаат сите играчи со наполнети 14 години.

## 4. БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ

4.1 Максималниот број на учесници на **Мастерс серијата во конкуренција Мажи/Жени** во главниот турнир во поединечна конкуренција е 16, освен доколку на ОТВОРЕНИТЕ ПРВЕНСТВА за Мажи Жени, се пријават играчи кои имаат ранг на АТР / WTA ранг понизок од 500, односно ИТФ ранг за мажи и жени под 100 место во поединечна конкуренција, каде изнесува 10.
- Ако на натпреварот се пријават повеќе учесници се играат квалификации:
  - за 4 места во главниот турнир доколку турнирот во квалификациите се прави за 16 играчи
  - директно во главниот турнир влегуваат пријавени играчи од ранг листата на ТФСМ и 2 директни учесници (wild card) што ги определува организаторот и 4 играчи кои успешно го поминале квалификациониот турнир.

4.2. Максималниот број на учесници на ОТВОРЕНИТЕ ПРВЕНСТВА за Мажи и Жени, во главниот турнир во поединечна конкуренција, доколку се пријават играчи кои имаат ранг на АТР / WTA ранг понизок од 500, односно ИТФ ранг за мажи и жени под 100 место во поединечна конкуренција, изнесува 10.
- Ако на натпреварот се пријават повеќе учесници се играат квалификации:
  - за 3 места во главниот турнир доколку турнирот во квалификациите се прави за 12 играчи
  - директно во главниот турнир влегуваат 4 пријавени играчи од ранглистата на ТФСМ, 2 директни учесници (wild card) што ги определува организаторот, 3 играчи кои успешно

го поминале квалификациониот турнир и најдобро рангираниот со АТР / WTA ранг понизок од 500, односно ИТФ ранг за мажи и жени под 100 место во поединечна конкуренција,

4.3 Минималниот број на учесници на турнирите е 8, доколку се пријават помалку играчи турнирот нема да се бодува.

**5. ТРАЕЊЕ НА ТУРНИРИТЕ**

5.1 Главниот турнир најмногу може да трае 4 дена, додека квалификациите се одржуваат максимум 2 дена порано, во зависност од бројот на пријавени. Доколку дојде до продолжување на натпреварите од било кои објективни причини, истите можат да се продолжат за еден ден со дозвола од Натпреварувачко-Судискиот комитет на ТФСМ.

**6. БРОЈ НА НАТПРЕВАРИ**

6.1 Во текот на еден ден, натпреварувачот максимално може да одигра два меча во поединечна конкуренција.

6.2 Натпреварите ќе се закажуваат во согласност со препораките на Владата на Република Северна Македонија и Протоколот на ТФСМ и Препораките на ИТФ..

**7. ВЛЕЧЕЊЕ ЖРЕПКА**

7.1 Влечењето на жрепка за квалификацискиот турнир, доколку има потреба и главниот турнир се одржува ден пред почеток на турнирот, согласно листата на уплати која во ТФСМ ја доставува клубот организатор. Во случај на непојавување на турнир на веке извлечен играч на негово место доаѓа најдоборангираниот играч кој изгубил во последното коло од квалификациите (Lucky Loser). Ако има два или повеќе играчи со исти ранг или без ранг, се влечи жрепка.

7.2 Влечењето на жрепката го врши Делегатот/Врховниот судија. Влечењето на жрепката се врши јавно во канцеларијата на ТФСМ, или на друго место за кое претходно ќе одлучи Натпреварувачко-Судискиот Комитет на ТФСМ. На извлекувањето можат и неморaат да присаствуваат официјални тренери, натпреварувачи и останати официјални лица од клубовите членки на ТФСМ. Бројот е ограничен на максимум 2 особи (играч или официјален тренер кои ги номинира клубот)

По извршеното влечење на жрепката се потпишуваат лицата кои го извршиле влечењето.

7.3 Влечењето на жрепката се врши на тој начин што прво се одредуваат носителите според ранг-листата на ТФСМ.

На **Мастерс серијата во конкуренција Мажи/Жени (циклус на турнири со награден фонд 5 турнири + мастерс)**, главниот турнир ќе се игра по систем секој со секого, ЗА ПРВИОТ ТУРНИР максимален број на учесници 16, бројот на натпреварувачи кои директно ке се пласираат на главен турнир е 10 натпреварувачи по ранг од официјална ранг листа на ТФСМ за мажи и жени+2 директни учесници (wild card) + 4 натпреварувачи од квалификациониот турнир.

Носителите се поставуваат на следниов начин и тоа:

Според ранг носители од 1 до 4:

| | | |
|---|---|---|
| - носител 1 | позиција | Група А |
| - носител 2 | позиција | Група Б |
| - носител 3 | позиција | Група В |
| -носители 4 | позиција | Група Г |

Според ранг носители од 5 до 8:

| | | |
|---|---|---|
| - прво извлечениот | позиција 2 | Група А |
| - второ извлечениот | позиција 2 | Група Б |
| - трето извлечениот | позиција 2 | Група В |
| - четврто извлечениот | позиција 2 | Група Г |

Сите останати тенисери од 9 до 12 се извлекуваат на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| - прво извлечениот | позиција 3 | Група А |
| - второ извлечениот | позиција 3 | Група Б |
| - трето извлечениот | позиција 3 | Група В |
| - четврто извлечениот | позиција 3 | Група Г |

Успешните квалифаканти на турнирот ке бидат извлекувани и распоредени по случаен избор во групи на позиција 4.

Победниците од групите играат ½ финале каде што:

| | | |
|---|---|---|
| - ПОБЕДНИК група А | позиција | 1 |
| - ПОБЕДНИК група Б | позиција | 4 |
| - ПОБЕДНИЦИ групи В и Г | - прво извлечен позиција | 2 |
| | - второ извлечен позиција | 3 |

На секој нареден турнир, тенисерите кои играле ½ финале и финале на претходниот турнир, се поставуваат за носители во завршната фаза на жреб од ¼ финале играчи, каде што победникот на позиција 1, финалистот на позиција 8, трето пласираниот и четврто пласираниот се извлекуваат и се поставуваат: првоизвлечениот на позиција 3, а второизвлечениот на позиција 6.

Останатите 4 играчи кои на претходниот турнир играле ¼ финале се распоредуваат на носитлска позиција 1 во 4 групи.

Според ранг носители од 5 до 8:

| | | |
|---|---|---|
| - прво извлечениот | позиција 1 | Група А |
| - второ извлечениот | позиција 1 | Група Б |
| - трето извлечениот | позиција 1 | Група В |
| - четврто извлечениот | позиција 1 | Група Г |

Сите останати тенисери од 9 до 12 се извлекуваат на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| - прво извлечениот | позиција 2 | Група А |
| - второ извлечениот | позиција 2 | Група Б |
| - трето извлечениот | позиција 2 | Група В |
| - четврто извлечениот | позиција 2 | Група Г |

Успешните квалифаканти на турнирот ке бидат извлекувани и распоредени по случаен избор во групи на позиција 3.

Најуспешните играчи од групите се поставуваат по случаен избор на позициите, 2, 4, 5 и 7 на жреб ¼ финале.

На **Мастерс серијата во конкуренција Мажи/Жени**, каде ќе се одлучи главниот турнир да се игра по систем секој со секого,со максимален број на учесници 10, бројот на натпреварувачи кои директно ке се пласираат на главен турнир е 7 натпреварувачи по ранг од официјална ранг листа на ТФСМ за мажи и жени, + 3 натпреварувачи од квалификациониот турнир.

Носителите се поставуваат на следниов начин и тоа:

Според ранг носители од 1 до 3:

| | | |
|---|---|---|
| - носител 2 | позиција 1 | Група А |
| - носител 3 | позиција 1 | Група Б |
| - носител 4 | позиција 1 | Група В |

Според ранг носители од 4 до 6:

| | | |
|---|---|---|
| - прво извлечениот | позиција 2 | Група А |
| - второ извлечениот | позиција 2 | Група Б |
| - трето извлечениот | позиција 2 | Група В |

Успешните квалифаканти на турнирот ке бидат извлекувани и распоредени по случаен избор во групи на позиција 3.

Победниците од трите Групи заедно со играчот кој има АТР / WTA ранг понизок од 500, односно ИТФ ранг за мажи и жени под 100 место во поединечна конкуренција, формираат финална група од 4 играчи каде играат секој со секого и се остварува конечен пласман

На секој нареден турнир, извлекувањето на носителите од 4 до 6 место односно доколку играчите се сретнале во група претходно со носителите од 1 до 4, односно од 2 до 4, истите да се одвојат.

7.5 Носители може да бидат само играчи кои се наоѓаат на ТФСМ ранг-листата во таа категорија и кои исполнуваат услов со мегународен ранг.

## 8. **ПРАВИЛА ЗА ЗАШТИТА НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ**

8.1 Секој играч треба, за време на сите натпревари и додека е присутен на местото на одигрување на турнирот, да се однесува професионално и максимално да ги почитува мерките, насоките и уредбите донесени од Владата на Република Северна Македонија и Тениската Федерација на Северна Македонија.

8.2 На натпреварите право на присуство имаат овластените, лични и клубски тренери како и официјалните лица на турнирот.

## 9. ДРУГИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

9.1. По завршување на секој сет, на играчите им се препорачува користење на тоалет пауза, заради задолжително одржување на личната хигиена.

## 10. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

10.1 Овие Правилата и Прописи се применуваат на сите тениски натпревари од **Мастерс серијата во конкуренција Мажи/Жени** за време на вонредната состојба од КОВИД 19.

10.2 Толкување на овој Правила и Прописи дава Управниот одбор на ТФСМ

10.3 За сите правила на тениската игра кои не се споменати во овие Правила и Прописи важат Правила и Прописи на ТФСМ и правилниците на Тенис Европа и ИТФ.

10.4 Овие Правила и Прописи стапуваат на сила од денот на донесување од Управниот одбор на ТФСМ и ќе важат до прогласување на престанок на вонредната состојба од КОВИД 19

ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Александар Ивановски
Претседател

Скопје, ___.___. 2020 година